**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 490 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ( во натамошниот текст: Банката), на седница одржана на ден 04.05.2023 година ја донесе, следната:

**ОДЛУКА**
**за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

1.Согласно Одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, се исплатува дивиденда во бруто износ од 154.500.000,00 денари (сто педесет и четири милиони и петстотини илјади денари).
Бруто износ по акција е 282,97377 денари (двесте осумдесет и два денари и деведесет и седум дени, заокружено на две децимали).

2.Банката, во согласност со важечката регулатива, од бруто-износот на дивидендата:
а) при исплата на физичките лица ( резиденти и нерзиденти) ќе задржи и уплати персонален данок на доход и
б) при исплата на правните лица нерезиденти ќе задржи и уплати данок по задршка.

За предложениот износ на дивидендата за 2022 година, акционерите ќе бидат известени преку Повик за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

3.Собранието на акционерите на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ќе се одржи на 04.05.2023 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2022 година е 23.05.2023 година заклучно до 16:00 часот.

4.Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 19.05.2023 година.

5.Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 22.05.2023 година.

6.Исплатата на дивиденда за 2022 година ќе започне на 05.06.2023 година.

7.Дивидендата за 2022 година ќе се исплатува во готово (платежни сметки на акционерите).

8.Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

СО бр.
04.05.2023 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Образложение

Во согласност со член 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на Банката го определува износот на дивиденда, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, како и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто се исплаќа дивидендата.

Заради навремено и точно информирање на акционерите и на јавноста, а во согласност со член 36 од Правилата за котација на хартии од вредност на Македонската берза на хартии од вредност, котираните друштва се должни однапред да го соопштат предлогот за висината на дивидендата, а веднаш по одржувањето на Собранието на акционери да го објават дивидендниот календар за исплата на дивиденда на сопствениците на акциите на акционерското друштво.

Динамиката на активностите поврзани со исплатата на дивидендата се определува во согласност со датумот на одржување на редовното годишно Собрание на акционери на Банката.

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда, односно датумот на стекнување на правото за дивиденда, е датум кога се врши пресек на сопствениците на акциите според акционерската книга, за да се утврди кој акционер има право на дивиденда. Во согласност со Правилата за котација на хартии од вредност, овој датум треба да биде најмалку 14 дена по завршувањето на седницата на Собранието на акционерите на друштвото на која, покрај другото, се донесува Одлука за распределба на добивката остварена во претходната година.

Се предлага дивидендата за 2022 година да биде исплатена на акционерите на Банката кои се регистрирани во акционерската книга на Банката на 23.05.2023 година. Последен ден на тргување со акциите со право на дивиденда за 2022 година, во согласност со предложената одлука е 19.05.2023 година, а прв ден на тргување со акциите без право на дивиденда за 2022 година ќе биде 22.05.2023 година.

Исплатата на дивидендата за 2022 година се предлага да започне од 05.06.2023 година. За утврдениот дивиденден календар при исплата на дивиденда за 2022 година, акционерите ќе бидат информирани преку известување во дневниот печат и на веб-страницата на Македонската берза за хартии од вредност и на веб-страницата на Банката.